Врз основа на член 203, член 206, член 209 и член 219 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник Република Македонија” број 62/05, 3/06, 44/06, 66/06, 16/07, 57/07, 77/07, 106/08, 161/08, 63/09, 114/09, 130/09, 149/09, 10/10, 16/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 158/10, 47/11, 11/12, 39/12, 52/12, 13/13, 25/13, 54/13, 170/13, 187/13, 34/14, 106/14, 113/14, 145/14, 20/15, 33/15, 72/15, 74/15, 129/15, 167/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), а во врска со член 169 став 6 од Колективниот договор на ниво на работодавач - „Град Скопје“ - Скопје, претставуван од Градоначалникот на Град Скопје, Данела Арсовска од една страна и Претседателот на Синдикална Организација на Град Скопје Филип Силјановски, од друга страна, на ден 10.10 2023 година, склучија во Град Скопје

**Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на ниво на работодавач „Град Скопје“- Скопје**

ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр.Nr 08-3643/2
10-10-2023 20___год.
СКОПЈЕ - SHKUP

**Член 1**

Во Колективниот договор на ниво на работодавач - „Град Скопје“ - Скопје (бр.08-12000/1 од 31.12.2021 година, бр.08-1024/1 од 27.01.2022 година, бр.08-3405/1 од 01.04.2022 година, бр.08-5209/1 од 04.05.2022 година, бр. 08-7057/1 од 17.06.2022 година и бр.08-3643-1 од 07.04.2023) во член 48 став 2 се брише.

**Член 2**

Во членот 95 став 1 алинеја 15 се менува и гласи:

- семеен верски празник - 1 работен ден во календарската година;

**Член 3**

Во членот 104 по ставот (9) се додава нов став, став (10) кој гласи:

(10) Основната бруто плата на вработените во јавниот сектор се зголемува за 10%, започнувајќи со исплатата на платата за месец септември 2023 година.

**Член 4**

Член 129 став 1 се менува и гласи:

(1)Групирањето на одделни работни места, за вработените кои имаат статус на помошно-технички лица, во рамките на сложеноста од член 128, бодови се утврдуваат на следниот начин:

| Реден број | Назив на работно место | Број на бодови |
|---|---|---|
| 1 | -Општ работник | 1626 |
| 2 | -Собарка<br>-Хигеничар | 1632 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | -Хаусмајстор<br>-Курир<br>-Тонски сниматeл на седници<br>-Кафекувар | 1700 |
| 4 | -Копирант<br>-Келнер/ка | 1710 |
| 5 | -Обезбедување на објекти<br>-Возач | 1750 |
| 6 | -Фотограф<br>-Домаќин<br>-Обезбедување на кабинетот на Градоначалникот и Совет на Град Скопје | 1770 |
| 7 | -Возач на Претседателот на Советот на Град Скопје и Секретарот на Град Скопје | 1895 |
| 8 | -Возач на градоначалник<br>-Диспечер | 1995 |

**Член 5**

Овој Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на ниво на работодавач - „Град Скопје“ - Скопје стапува во сила со денот на неговото склучување.

**Град Скопје**

**Градоначалник**
**Данела Арсовска**

**Синдикална организација**
**на Град Скопје**
**Претседател**
**Филип Силјановски**